**РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

Градски ѕид блок 5 П.Фах 14
1000 Скопје, Република Македонија

www.z37rsm.org.mk

**RADIOAMATEUR SOCIETY OF MACEDONIA**

Gradski zid blok 5 P.O. Box 14
1000 Skopje, Republic of Macedonia

www.z37rsm.org.mk

До
Собрание на РСМ

РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-203
04.11.2016 год.
СКОПЈЕ

**Извештај за работата на Претседателот**
**и Извршниот одбор за период 2008 – 2016 година**

## 1. Мандат 2008 – 2012 година

Веднаш со конституирањето, ИО на РСМ отпочна со реализација на Програмата. Започнавме со консолидација и обид за евиденција на членството, но по неколкуте обиди за истото, не добивме број на членство од многу радиоаматерски клуба во Р. Македонија.

Во самиот почеток се сретнавме со неподмирени членарини кон ИАРУ, кои во најкус временски рок ги регулиравме, а започнавме и со подготовка за намалување на трошковите во самата Организација.

Во текот на 2010 година, договорно, техничкиот секретар г-ѓа Уранија Кралевска е префрлена во програмата на Агенцијата за вработување како технолошки вишок. Со оваа постапка се значително намалени трошоците на РСМ, но по цели 2 години лично мене и на РСМ ни зададе дополнителни проблеми, кои кулминираа со судска постапка.

И покрај тешката финансиска ситуација во која е наоѓаше РСМ, сепак успевавме да реализираме многу програмски активности и да постигнеме одлични резултати. Како пример ке ги наведам учеството во IARU HF контестот 2009 во категорија мулти-мулти, во кој земаа учество повеќе радиоаматери од Битола, Гевгелија, Кочани, Штип, Виница и Скопје.

ХСТ репрезентацијата учествуваше на Светско првенство во Полска, каде е освоен бронзен медал, а во Бугарија се освоени златен, сребрен и бронзен медал.

Радиоаматерската активност се зголемуваше, што се огледа и во работата на QSL бирото, секоја година бројот на картичките се зголемуваше.

Воспоставивме одлична соработка со АЕК, регулирани се сите репетитори со соодветни дозволи за работа, а целата радиоаматерска активност е безрезервно подржувана.

Соработката со СЗТКМ доби на интензитет, а РСМ во овој период аплицираше со убедливо највеќе проекти во Министерството за образование и наука, но за жал ребалансите на буџетот си го направија своето и висината на Договорите за софинансирање секоја година се намалуваа. Оваа година РСМ нема добиено никакви финансиски средства од Министерството за образование, а минимални се и средствата кои се добиени по други основи.

Соработката со Министерството за одбрана и министерството за внатрешни работи, како и со Центарот за управување со кризи се одвива на високо ниво. Екипа од 4 радиоаматера присуствуваше на Семинар во организација на Центарот за управување со кризи, а го реализира екипа од Вермонт, САД. По овој семинар РСМ доби високи оценки за познавањето и обврските кои ги има во случаи на кризни состојби.

За време на мандатот на ова претседателство, регистрирани се 2 нови радиоаматерски клуба, а радиоаматерскиот клуб од Пробиштип се пререгистрира и наскоро треба да отпочне со својата радиоаматерска активност. Во постапка е пререгистрација и на поранешниот радио клуб во Лисиче.

И покрај сите овие постигнувања на ова Претседателство на РСМ, не успеавме да ја намалиме тензијата на поделеност и негирање на се што е направено. Обвинувани сме за кочничари, бришење од членство, непочитување и сл., но реалноста е друга: се работи за самоволие без известување на РСМ, за неподмирување на обврските кон РСМ по основ на членарина и сл.

Сепак ова не не поколеба да се појавиме и по втор пат во IARU HF контестот 2012, радиоаматерска активност за денот на дрвото, како и подготовка за учество во одбележувањето на 20 години од добивањето на Z3 префиксот за Република Македонија.

Бројот на проектите со кои аплицираме за софинансирање во Министерството за образование за наредната година е 18. Подготвени сме со скромни финансиски средства да го популаризираме радиоаматеризмот, како и враќање на угледот на организацијата, односно добивање на статус на активност од интерес за државата.

Во текот на изминатите 4 години бројот на радиоаматери кои го положија радиоаматерски испит во организација на АЕК е 98. На сите овие радиоаматерски испити РСМ имаше свој претставник како член на испитната комисија.

Согласно Законот за здруженија и фондации, РСМ даде несебична помош на клубовите за пререгистрација, а истата ја извршија 14 радиоаматерски клуба и РСМ.

РСМ по подолг временски период ја активира АРГ како дисциплина со вклучувањето на АРГ клубот од Петровец во членството и оваа дисциплина ќе биде подржувана согласно можностите и финансиските конструкции.

За крај, со мислење сме дака ова претседателство успешно го одработи својот мандат, но убедени ме дека можеше и повеќе.

Во прлога на овој извештај го доставувам и финансискиот извештај за работата на ова претседателство.

## 2. Мандат 2012 – 2016

Со добивањето на вториот мандатот, продолжено е со спроведувањето на предвидената програма по следното:

### - Правно нормативни акти

Од страна на Радиоаматерслиот сојуз на Македонија е иницирана измена и дополна на Правилникот за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба. Со првото дополнување, зголемена е на снагата на 1,8 MHz, како и регулирано е поставувањето на линковите ба радиоаматерските репетитори. (прилог 1)

Со второто дополнување на Правилникот за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба се изборивме за користење на радиоаматерски знакови за време на радиоаматерски натпревари за радиоаматерските клубови од серијата Z3A – Z3Z. (прилог 2)

Во соработка со АЕК, добиени се дозволи за експериментално користење на фреквенции од бандовите 5 MHz и 70 MHz. Овие дозволи се продолжени и се сеуште во сила. Од 01.01.2017 година, радиоаматерските фреквенции ќе се прошират со бандот 5 MHz на секундарна основа, што секако е заслуга на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија.

Согласно укажаната потреба, а со цел регулирање на доделата на повикувачки знакови, донесен е Правилник за повикувачки знакови кој е усогласен со Правилникот за користење на радио фреквенции во аматерска служба. (прилог 3)

Во текот на 2016 година за прв пат е добиена дозвола за користење на дигитален репетитор со помак од 7,6 MHz, а покрената е иницијатива за ослободување на UHF бандот според банд планот на ITU и IARU R1 од 430-440 MHz.

Радиоаматерскиот сојуз на Македонија секоја година подготвуваше од 18-21 проект за софинансирање на Министерството за образование и наука, а исто така и проекти за активности од странски фонадации.

### - Материјално финансиско работење

Вториот мандат на ова раководство на РСМ го карактеризираат 2 периода. Првиот дел се однесува на работата на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија со блокирана жиро сметка, во кој успевавме со големо залагање да ги сервисираме долговите кон IARU R1 на име котизација.

Вториот период го карактеризира стабилно финансиско работење на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, односно со завршувањето на 12. Светско првенство во ХСТ останати се средства со кои е деблокирана сметката на РСМ, односно исплатени се долговите кон Извршителот. Во овој период е зголемена и наплатата на членарината од лкеновите на РСМ, а обезбедени се одредени финансиски средства и од Дирекцијата за заштита и спасување за учеството во Меѓународната вежба која се одржа во Визбегово. Моменталната финансиска состојба следи во прилог.

До одржувањето на Изборното Собрание на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, со големо задоволство можеме да констатираме дека Радиоаматерскиот сојуз на Македонија нема никаков долг кон било кој правен субјект или физичко лице.

- **HF активности**

Во периодот од 2012 – 2016 година, зголемена е HF активноста која се огледа во активноста на Z30HQ тимот, кој постигна одлични резултати согласно техничките и кадровите можности на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија. Во секој случај резултатите се видливи и мерливи.

Во овој период имаме голема активност со Радио клубот при Советот на Европа (Z38CE), во која свое учество земаа многу радиоаматери од Македонија. Оваа експедиција помина многу добро, а самите гости искажаа големо задоволство од престојот во нашата држава. Делегацијата од Стразбург беше примена од Градоначалникот на Гевгелија, а самата активност беше пропратена од многу медиуми.

За одбележување на јубилејот 20 години користење на префиксот Z3, радиоаматерите имаа голема активност со знакот Z320A-Z320Z. овие повикувачки знакови се направени преку 150000 QSO-а.

Овој период го одбележа и активност со повикувачките знакови Z390IARU, Z34LOVE и Z370RSM, што секако влијаеше на зголемување на HF активноста.

- **VHF/UHF активности**

Радиоаматерските активности VHF/UHF во изминатиот период се зголемени, односно со залożбите на VHF/UHF менаџерот за влегување во календарот на натпревари на IARU R1 и на натпреварот Macedonia VHF/UHF. Како интересна дестинација за VHF/UHF активности, Република Македонија и радиоаматерите во Република Македонија ги посетија радиоаматери од Италија, Холандија, Чешка ........ Посебно интересно е активирањето на нашите радиоаматери на 70 MHz, каде се направени многу QSO-а и постои интерес за активност на ова подрачје.

Репетиторската мрежа во Македонија е зановена, односно поставени се повеќе репетитори, со што се створени услови за покривање на поголемиот дел на територијата со VHF репетитори, а поставени се и 3 UHF репетитори. Како нерешен ни остана R-2, за кој имаме доставено молба до Македонска радиодифузија за одобрување на локација за поставување на репетиторот.

За одбележување е секако големата помош и подршка на фирмите: Телесет во донацијата и поставувањето на репетиторите, донацијата од Сектрон и KBR transport.

Во соработка со АЕК, добиена е фреквенција за поставување на дигитален репетитор на UHF подрачјето со помак од 7,6 MHz, на експериментална основа и истиот веќе е во функција. Овој репетитор е поставен од страна на Драган Спироски (Z32IT)

РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА

Градски ѕид блок 5 П.Фах 14
1000 Скопје, Република Македонија

www.z37rsm.org.mk

RADIOAMATEUR SOCIETY
OF MACEDONIA

Gradski zid blok 5 P.O. Box 14
1000 Skopje, Republic of Macedonia

www.z37rsm.org.mk

- **HST**

Во периодот од 2012 – 2016 година HST репрезентацијата бележи многу успеси. На Светските првенства се освоени 3 бронзени медали, а на Балканските првенства се освоени 5 сребрени медали и 1 бронзен медал.

Во 2015 година, Радиоаматерскиот сојуз на Македонија и Република Македонија беа домаќини на 12. Светско првенство во HST, на кое учествуваа рекорден број на држави (23) и учесници. Од страна на сите учесници и претставници на IARU организацијата на овој настан е оценета со многу високи оцени.

На последното Балканско првенство (4. по ред) одржано во Молдавија, Радиоаматерскиот сојуз на Македонија ја доби организација на 5. Балканско првенство.

| | Светско првенство | | | Region 1 IARU (Европа и Африка) | | | Балканско првенство | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Злато | сребро | бронза | Злато | сребро | бронза | Злато | сребро | Бронза |
| 1999 | | | 1 | | | | | | |
| 2001 | 2 | | | | | | | | |
| 2003 | 1 | 2 | 3 | | | | | | |
| 2004 | | | | 1 | 1 | 1 | | | |
| 2005 | 1 | 1 | 2 | | | | | | |
| 2006 | | | | | | 3 | | | |
| 2007 | | | 1 | | | | | | |
| 2008 | | | | 2 | | 1 | | | |
| 2009 | 1 | 1 | 1 | | | | | | |
| 2010 | | | | | 1 | 1 | | | |
| 2011 | | 1 | 2 | | | | | | |
| 2012 | | | | | | 2 | | | |
| 2013 | | | 2 | | | | | 1 | 1 |
| 2015 | | | 1 | | | | | | |
| 2016 | | | | | | | | 4 | |

- **ARG активности**

На полето на ARG активностите радува податокот да покрај организацијата на натпреварите од страна на клубот Младост од Петровец, во Прилеп се одржа и државен натпревар кој беше во организација на радио клубот Никола Тесла од Прилеп. ARG дисциплината постана се помасовна, посебно со активирањето на радио клубот Железничар од Скопје, Малеш од Берово и секако радио клубот Никола Тесла од Прилеп. На државниот натпревар во Прилеп и радио клубот Никола Тесла од Штип покажа дека има одлични натпреварувачи во оваа дисциплина.

Со реактивирањето на радио клубот Радио бран од Пробиштип, очекуваме оваа дисциплина да добије уште поголема масовност.

- **Членство**

Бројот на радиоаматери во Република Македонија се зголемува. Членството во Радиоаматерскиот сојуз на Македонија исто така. За жал сеуште постојат многу несогласувања и нетрпение кај членството. Моменталната состојба со бројот на издадени лиценци е 526, а додека бројот на радиоаматери кои ги подмириле обврските кон РСМ на име на членарина изнесува (). Бројот на радиоаматери кои положиле радиоаматерски испит (класа) во текот на овој мандат изнесува (). Интересот за полагање на радиоаматерски испит е се поголем, а посебно радува фактот да голем број на радиоаматери кои порано полозиле или се пасивизирале, се реактивираа и се надеваме дека ке донесат нови свезини во радиоаматерската активност.
Бројот на регистрирани ради клубови исто така бележи подем. Реактивиран е радио клубот Струмица, а новоформиран е радио клубот Јане Сандански од Аеродром.

| Р.б | Име на клубот | Знак | Место | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Никола Тесла | Z37Z | Гевгелија | |
| 2 | Никола Тесла | Z37M | Штип | |
| 3 | Никола Тесла | Z37FEF | Прилеп | |
| 4 | Никола Тесла | Z37CXY | Куманово | |
| 5 | Радио бран | Z37P | Пробиштип | |
| 6 | Виница | Z37V | Виница | |
| 7 | Струмица | Z37CPR | Струмица | |
| 8 | Стево Патакот | Z37CEF | Битола | |
| 9 | Искра | Z37Y | Кавадарци | |
| 10 | Вектор | Z37W | Скопје | |
| 11 | Алфа | Z37B | Скопје | |
| 12 | Железничар | Z37FFF | Скопје | |
| 13 | Видик | Z37FER | Скопје | |
| 14 | Јане Сандански | Z37SK | Скопје | |
| 15 | Електрон-телеграф | Z37KO | Кочани | |
| 16 | Југ | Z37DST | Охрид | |
| 17 | Коча Миленку | Z37AAZ | Крушево | |
| 18 | Иљо Антески Смок | Z37JQR | Тетово | |
| 19 | АРГ клуб Младост | | Петровец | |

- **QSL биро**

За работата на QSL бирото најголема заслуга има Златко Андонов, кој заедно со Георге Андонов се нафатија да ја извршуваат ова дејност во име на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија. Во текот на изминатиот период пристигнати се голем број на QSL карти од целиот свет, но испраќањето е индивидуално или за време на престои на наши радиоаматери во странство се предавани QSL карти (пример Фридрисхафен). Се надеваме дека во блиска иднина ќе може QSL бирото да профункционира во двата правца.

- **Проблеми со кои се сретнувавме**

Покрај финансиската состојба од која полека но сигурно излегува Радиоаматерскиот сојуз, најголем проблем е нетрпеливоста на членството, односно вечното незадоволство и критизерство, како и намерно кочење на одредени проекти. Дезинформирањето на поедини радиоаматери кои не се членови на РСМ имаше многу негативно влијание.

Радиоаматерскиот сојуз на Македонија сеуште не се врати во просториите кои ги владееше долг период. За овие простории Народна техника формира вети дека ке ги реновира новата членка Атроника, која е формирана какао секција за роботика и доби грант за својата активност, а по истекувањето на периодот на грантот, Радиоаматерскиот сојуз ке влезе повторно во истите. Прашањето за просториите е секојдневно поставувано и според ветувањата, наскоро ке се вратиме повторно во истите.

- **Заклучок**

Покрај сите тешкотии со кои се справуваше ова раководство на РСМ (наследени долгови на име на неисплатени 6 плати на вработеното лице, неплатени 2 котизации кон Меѓународната организација) сепак успеавме да ги надминеме и да се стабилизира работата. Како непланирана непријатна работа се случи во 2010 година, кога вработеното лице и покрај договорот и интересот за прогласување на технолошки вишок, според наши сознанија, наговорено од неколку радиоаматери, почна судски спор за исплата на 6 плати на име отпремнина. Овој тежок период беше надминат со организацијата на 12.Светско првенство во ХСТ, покриени се сите давачки и отпочнато е позитивно работење.

За истакнување е и изборот на Оливер Табаковски за член на Извршниот комитет на IARU R1, од причина што Радиоаматерскиот сојуз на Македонија прв пат има свој претставник во овие органи.

Во моментот членството во РСМ е зголемено, а зголемен е и бројот на регистрирани радио клубови. Во тек на пререгистрација се наоѓаат уште неколку радио клубови, а со реализација на дел од проектите, бројот на радиоаматери и радиоаматерки клубови би требало и да се подобри и квантитативно и квалитативно.

Со почит

Радиоаматерски сојуз на Македонија
Претседател
Звонко Стаменков/Z35W

**ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ**

| | **приходи** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | приходи од Министерство за образование | 20.000.00 | | 20.000,00 | |
| 2. | приходи од членарина | 53.150.00 | 32.500.00 | 42.100,00 | |
| 3. | приходи од камата | 2.00 | 5,00 | 65,00 | |
| 4. | пренесени средства од претходната година | 19.375.00 | 17.648,00 | 11.769,00 | |
| 5 | поврат на судски такси | | 18.945,00 | | |
| 6 | IARU | | | 116.010,00 | |
| 7 | АЕК | | | 32.300,00 | |
| 8 | Електровин | | | 30.000,00 | |
| 9 | приходи за Светско првенство | | | 2.263.144,00 | |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **92.527.00** | **69.098,00** | **2.515.388,00** | |
| | | | | | |
| | **функционални расходи** | | | | |
| 1. | тршоци за ИО | 11.470.00 | 10.494,00 | 9.776,00 | |
| 2. | трошоци за УКБ | 6.000,00 | | | |
| 3. | трошоци за ХСТ | 6.000,00 | | | |
| 4. | трошоци за АРО (IARU contest) | 6.370,00 | | | |
| 5. | QSL биро | 2.210.00 | | | |
| 6. | меѓународна котизација | 9.753.00 | | 19.023,00 | |
| 7. | провизија на платен промет | 4.095.00 | 2.155,00 | 17.980,00 | |
| 8. | ПТТ трошоци | 983.00 | | | |
| 9. | трошоци за канцелариски материјал | 5.490.00 | | 10.630,00 | |
| 10 | потрошен материјал | | | 110.002,00 | |
| 11 | персонален данок | 444.00 | | 6.778,00 | |
| 12 | договорни услуги | 3.800.00 | | 61.000,00 | |
| 13 | МАРНЕТ | 310,00 | | 1.180,00 | |
| 14 | отпремнина | | | | |
| 15. | судски трошоци | 23.110.00 | 54.483,00 | 62.977,00 | |
| | курсна разлика | | | 7.824,00 | |
| | книговодствени услуги | | | 6.000,00 | |
| | трошоци за светско првенство | | | 2.158.869,00 | |
| | **ВКУПНО** | **73.042.00** | **67.132,00** | **2.472.039,00** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **92.527.00** | **69.098,00** | **2.515.388,00** | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **73.042.00** | **67.132,00** | **2.472.039,00** | |
| | **ВИШОК ПРИХОДИ** | **19.485.00** | **1.966,00** | **43.349,00** | |
| | **пренос на средства за наредна година** | **17.648.00** | **1.966,00** | **42.326,00** | |
| | **данок за плаќање** | **1.837.00** | | **1.023,00** | |

претседател
Звонко Стаменков/Z35W

РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ**

| | **приходи** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | приходи од Министерство за образование | 227.500.00 | 78.500.00 | 52.700.00 | / |
| 2. | приходи од членарина | 16.645.00 | 18.000.00 | 7.050.00 | 9.550.00 |
| 3. | приходи од камата | 187.00 | 210.00 | 48.5 | 27.00 |
| 4. | пренесени средства од претходната година | 10.313.00 | 25.687.00 | 14.842.00 | 37.609.00 |
| 5. | други приходи (донации) | 35.362.00 | 2.308.00 | 3.127.50 | 4.000.00 |
| | **ВКУПНО** | **290.007.00** | **124.705.00** | **77.768.00** | **51.186.00** |
| | | | | | |
| | **расходи** | | | | |
| 1. | нето плата | 144.000.00 | 60.000.00 | | |
| 2. | придонеси | 68.373.00 | 25.980.00 | | |
| | **ВКУПНО** | **212.373.00** | **85.980.00** | | |
| | | | | | |
| | **функционални расходи** | | | | |
| 1. | тршоци за ИО | 3.000.00 | 3,240,00 | 2.977.00 | 2.050.00 |
| 2. | трошоци за УКБ | 3.000.00 | 3.850.00 | 1.860.00 | 3.000.00 |
| 3. | трошоци за ХСТ | 6.000.00 | | 8.000.00 | 6.000.00 |
| 4. | трошоци за АРО (IARU contest) | 7.000.00 | | / | 3.894.00 |
| 5. | QSL биро | | | 3.000.00 | 3.000.00 |
| 6. | меѓународна котизација | 27.231.00 | 8.164.00 | 9.283.00 | 10.632.00 |
| 7. | провизија на платен промет | 4.733.00 | 4.473.00 | 5.094.00 | 4.488.00 |
| 8. | ПТТ трошоци | 983.00 | 356.00 | 427.00 | 1.406.00 |
| 9. | трошоци за канцелариски материјал | | | 454.00 | 926.00 |
| 10. | персонален данок | | | 844.00 | |
| 11. | договорни услуги | | 3.800.00 | 7.600.00 | |
| 13. | МАРНЕТ | | | 620.00 | 310.00 |
| 14. | отпремнина | | | | 4.000.00 |
| 15. | судски трошоци | | | | 4.500.00 |
| | **ВКУПНО** | **51.947.00** | **23.884.00** | **40.159.00** | **44.206.00** |

претседател

Звонко Стаменков/Z35W

РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА РСМ СКОПЈЕ